Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18), и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2014), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:**

# РЕШЕНИЕ

## За формирање на Комисија за изработка на извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета за архитектонско-урбанистички проект за ГП 13.1 и ГП 13.2 со намена А1-домување во станбени куќи за КП 1673 КО Кучково, Општина Ѓорче Петров – Скопје

### член 1

Се формира стручна **Комисија за изработка на извештај** од спроведена јавна презентација и јавна анкета по **архитектонско-урбанистички проект за ГП 13.1 и ГП 13.2 со намена А1-домување во станбени куќи за КП 1673 КО Кучково, Општина Ѓорче Петров – Скопје.**

### член 2

**Комисијата се состои од 3 члена и тоа:**

1. **Претседател: Евелина Ќулумоска, диа,** Советник – урбанистички аналитичар во одделението за просторно и урбанистичко планирање во Општина Ѓорче Петров;
2. **Член: Емилија Галовска, диа,** Планер потписник од „Градежен институт Македонија“ **со овластување за изработка на урбанистички планови бр. 0.0231**, издадено од Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија;
3. **Член: Игор Поповски, диа,** Надворешен стручен соработник **со овластување за изработка на урбанистички планови со бр. 0.0389**, издадено од Комора на овластени архитектии овластени инженери на Република Македонија.

### член 3

Комисијата има задача да изработи извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по **архитектонско-урбанистички проект за ГП 13.1 и ГП 13.2 со намена А1-домување во станбени куќи за КП 1673 КО Кучково, Општина Ѓорче Петров – Скопје,** со образложение за прифатени и неприфатени забелешки од анкетните листови.

### член 4

Ова Решение влегува во сила сила со денот на донесувањето

**Број** 25- 208/6
**Од**27.06.**2018год.**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ